# И З В Е Ш Т А Ј

ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА

ЈП „СТРЕЖЕВО“ - БИТОЛА

ТРЕТО ТРОМЕСЕЧИЕ

ОД 01.07.2018 ДО 30.09.2018

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „СТРЕЖЕВО“ – БИТОЛА ЗА ТРЕТО ТРОМЕСЕЧИЕ ВО 2018 ГОДИНА**

---

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"СТРЕЖЕВО"
БР 05-759/1
22.11 20 18 ГОД.
БИТОЛА

Изработиле:

*Раководител на финансии*
*Ангелевски Љупчо*
*дипл.економист*

*Шеф на сметководство*
*Грујовска Мимоза*
*дипл.економист*

Одобрил:

*Директор*
*Методија Граматковски д.е.и.*

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "СТРЕЖЕВО" Битола

---

Анализирајќи го прегледот на финансиските показатели на ЈП „Стрежево“ - Битола за третото тромесечие од 2018 година, споредено со оствареното во третото тромесечие од 2017 година, може да се заклучи дека во анализираниот период се вршеше навремена исплата на плати и надоместоци на плати, редовно и навремена исплата на обврски спрема УЈП по основ на ДДВ како и исплата на обврските спрема добавувачите.

Вкупниот приход во третото тромесечие во 2018 година изнесува 46.277.681 денари, или споредено со вкупниот приход во третото тромесечие од 2017 година покажува намалување за 17,61 индексни поени.

Имено намалувањето на приходите во ова тромесечие главно произлегува од комбинираното влијание на одредени приходи, и тоа:

– значително намалени приходи од продадени риби од Рибник и зголемени приходи од продадени риби преку Рибарница за 8,13 индексни поени и дадени услуги во Рибарница за 2,88 индексни поени;

– значително се намалени приходите од Јавното комунално претпријатие „Водовод“ – Битола за водоснабдување на население, заради намалена испорака на вода во третото тромесечие во 2018 година како резултат на поволната хидролошка состојба на изворите на вода во сопственост на „Водовод;

– намалени приходи од закуп за 69,21 индексни поени, поради раскинување на договорот за закуп со закупопримачот;

– намалени приходи во третото тромесечие во 2018 во однос на 2017 година има и во делот на субвенции и донации, додека приходите од наплатени штети и камати се зголемени;

– приходите од вода за снабдување на индустријата во третото тромесечие од 2018 година бележи благо опаѓање за 2,26 индексни поени во однос на 2017 година.

– зголемени приходи од произведена електрична енергија за 28,00 индексни поени;

– зголемени приходи од продадени карти за влезници за Риболов за 140,09 индексни поени;

– зголемени приходи од наплатени отпишани побарувања за 109,97 индексни поени;

Вкупните расходи во третото тромесечие од 2018 година изнесуваат 112.662.605 денари, или споредено со вкупните расходи во третото тромесечие од 2017 година покажуваат намалување за 1,83 индексни поени. Вкупните расходи без амортизација изнесуваат 45.373.452 денари или за 3,39 индексни поени пониски од третото тромесечие во 2017 година.

**Анализа на пооделни трошоци**

**400 Трошоци за суровини и материјали за производство**

Кај ова конто има зголемување на трошоците за 40,04 индексни поени, како резултат на зголемени трошоци за потрошен материјал за ХТЗ за производство кој се набавува согласно правилниците за набавка на материјали за хигиено – техничка заштита на вработените. Во 2017 година не биле набавени материјали за ХТЗ за производство.

**401 Трошоци за материјали за администрација**

Кај ова конто има намалување на трошоците за 29,09 индексни поени, итоа во делот на канцелариски материјали за администрација, како и кај останат потрошен материјал за управа има значително намалување.

**402 Трошоци за енергија за производство**

Кај ова конто има зголемување за 12,76 индексни поени што произлегува од значително зголемени трошоци за потрошени моторни масла и мазива за производство, за потребите на хидроцентралите.

**403 Трошоци за енергија за администрација**

Кај ова конто има намалување на трошоците за 17,08 индексни поени, и тоа кај трошоци за потрошена електрична енергија, за потрошено масло за ложење, за потрошени дизел и бензин горива и кај масла и мазива.

**404 Трошоци за резервни делови и материјали за одржување во производство**

Кај ова конто има намалување на трошоците за 12,3 индексни поени кај аналитичките позиции што се однесуваат на резервни делови за градежни машини и кај резервни делови за производство има намалување , додека кај резервните делови за патнички возила има зголемување на трошоците.

**405 Трошоци за резервни делови и материјали за одржување за администрација**

Кај ова конто има значително намалување  на трошоците, и тоа во делот на трошоците за резервни делови за возила за администрација и останати резервни делови.

**407 Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми за производство**

Кај ова конто има значително зголемување на трошоците, кое произлегува од зголемени трошоци за отпис на ситен инвентар и авто гуми во делот на производството.

**408 Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми за администрација**

Кај ова конто нема значителен промет.

**410 Транспортни услуги**

Кај ова конто главно нема промет, освен во случаите кога се ангажира специфично транспортно средство за пренос на цевки со поголеми димензии, кои самото претпријатие не е во можност да го изврши.

**411 Трошоци за Поштенски, телефонски и интернет услуги**

Кај ова конто има зголемување за 8,02 индексни поени што произлегува од комбинираното влијание на зголемените трошоци за мобилна телефонија за 33,42 индексни поени (заради корективно одобрување на фактури за ова тромесечие во 2017 година), а воедно има намалување на трошоците за поштенски услуги, услуги за фиксната телефонија и интернет услугите.

**412 Надворешни услуги за изработка на добра и извршување на услуги**

Кај ова конто нема промет за ова тромесечие во 2018 година.

**413 Услуги за одржување и заштита**

Кај ова конто има намалување на трошоците за 9,53 индексни поени, итоа кај трошоците за услуги за тековно одржување на недвижности и опрема, додека во делот на одржување на софтвер и веб страница и за одржување и сервис на моторни возила, трошоците покажуваат зголемување.

**414 Трошоци за наем - лизинг**

Кај ова конто има зголемување на трошоците во делот на наемнини за недвижности и наем на опрема.

**415 Комунални услуги**

Кај ова конто има зголемување на трошоците за 24,65 индексни поени, глвно е резултат на трошоци за услуги за дезинфекција, дезинсекција и дератизација, како и трошоците за ветеринарни и санитарни услуги, додека во делот на трошоците за вода и трошоците за изнесување и собирање на смет има намалување.

**417 Трошоци за реклама, пропаганда, промоција и саеми**

Кај ова конто има значително зголемување на трошоците.

**419 Останати услуги**

Кај ова конто има зголемување на трошоците за 36,49 индексни поени, и тоа кај трошоците за огласи и соопштенија, додека кај другите останати услуги има намалување на трошоци.

**420 и 421 Плати и надоместоци на плати во производство и администрација**

На контото 420 – плати и надоместоци на плати во производство има намалување на трошоците за 5,65 индексни поени заради намалена исплата за

прекувремени саати, додека на конто 421 – трошоците за плати и надоместоци на плати во администрација има незначително зголемување за 3,10 индексни поени во третото тромесечие од 2018 година.

**422 Останати трошоци на вработените**

На ова конто во третото тромесечие во 2018 година има значително зголемување на трошоците заради исплатата на регрес за годишен одмор (К-15) која во 2017 година е извршена во второто тромесечие, додека во 2018 година исплатата е извршена во третото тромесечие.

**430 и 432 – Трошоци за амортизација за производство и администрација**

На конто 430 трошоците за амортизација за производство покажува намалување заради целосен отпис на одредени амортизациони групи, додека контото 432 трошоци за амортизација за администрација се главно на ниво на 2017 година.

**440 Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци**

Кај ова синтетичко конто има зголемување на трошоците за 26,59 индексни поени, итоа главно во делот на дневници во земјата, а кај патните трошоци во земјата има намалување на трошоците. Дневници и патни трошоци во странство во ова тромесечие нема.

**441 Надомест на трошоци за вработени**

Кај ова синтетичко конто има зголемување на трошоците, итоа за трошоците за задолжителни систематски прегледи кои се вршат секоја втора година.

**442 Трошоци за надомест и други примања на членови на УО и НО**

Кај трошоците за надомест и други примања на членови на Управен и Надзорен одбор во третото тромесечие од 2018 година има зголемување за 99,51 индексни поени во однос на трошоците од третото тромесечие во 2017 година, поради целосно комплетирање на органите на управување на претпријатието.

**443 Трошоци за спонзорства и донации**

Кај ова конто има зголемување. Зголемувањето се однесува на трошоците за спонзорства и трошоците за дадена помош.

**444 Трошоци за репрезентација**

Кај ова конто има зголемување на трошоците.

**445 Трошоци за осигурување**

Кај ова конто во третото тромесечие во 2018 година има намалување на трошоците за осигурување во однос на трошоците во третото тромесечие од 2017

година за 6,42 индексни поени, согласно склучениот договор за јавна набавка и динамиката на пристигнатите фактури.

**446 Банкарски услуги и трошоци за платен прометпровизии**

Кај ова конто има зголемување за 9,10 индексни поени што зависи од бројот на финансиските трансакции во соодветниот период.

**447 Даноци кои не зависат од резултатот и останати трошоци**

Кај ова конто има значително зголемување на трошоците итоа во делот на судските такси, како и во делот на данокот на имот кој во 2017 година е книжен во второто тромесечие.

**448 Трошоци за користење на права**

Кај ова синтетичко конто 448 - Трошоци за користење на права, во трето тромесечие во 2018 година во однос на трошоците во 2017 година, има намалување на трошоците за 11,35 индексни поени, што произлегува од комбинираното влијание на трошоците за надомест на Регулаторна комисија за енергетика за тарифата за вода, кои не се јавуваат во ова тромесечие во 2018 година, додека пак трошоците за надомест за концесија за рибарство и надомест за користење софтвер за јавно нааддавање не се појавуваат во трето тромесечие во 2017 година.

**449 Останати трошоци на работењето**

Кај ова конто има намалување на трошоците за 19,49 индексни поени, кое произлегува главно од намалувањето на трошоците за интелектуални услуги, трошоците по договор за дело, трошоци за вештачење, трошоци за адвокатски услуги и трошоци за весници и списанија, додека во делот на трошоците за нотарски услуги, трошоци за извршители, трошоци по судски решенија има зголемување на трошоците во трето тромесечие во 2018 година. Трошоците за порибување на акумулацијата во 2017 година се јавуваат во четврто тромесечие.

**464 Кусоци, кало, растур, расипување и кршење**

Кај ова конто има намалување на трошоците за 26,17 индексни поени во делот на работењето на Рибникот, поради намалената смртност на риби.

**468 Надомест на штети**

Кај ова конто нема промет, исплатата на штетите во 2018 година ќе почни да се извршува во четвртото тромесечие.

**474 Камати од работењето**

Кај ова конто има зголемување на трошоците кои се во апсолутна вредност незначителни, и главно се однесуваат на камати по судски решенија и во делот на камати по обврски кон добавувачите.

**700 Расходи врз основа на продадени производи и услуги**

Кај ова конто има намалување на расходите, како резултат на намалената продажба на риби од Рибник во ова тромесечие во 2018 година, во однос на 2017 година.

**701 Набавна вредност на продадени стоки**

Кај ова конто има зголемување на расходите за 7,43 индексни поени, како резултат на зголемени расходи за набавна вредност на продадени риби од Рибарница што е резултат на соодветно зголемување на продажбата на риби преку Рибарница, истовремено има намалување на расходи за набавна вредност на продадени производи во Бифе ски лифт.

**703 Набавна вредност на продадени материјали**

На ова конто нема промет.

Од прегледот за остварените финансиски показатели за третото тромесечие за 2017 и 2018 година произлегува дека вкупните неизмирени обврски се намалени за 30,63 индексни поени, како резултат на намалени обврски кон добавувачи, намалени обврски за нефактурирани стоки, намалени обврски за ДДВ, намалени обврски за надомест за користење на вода и намалени обврски кон вработените.

Вкупните побарувања од купувачите се намалени за 35,54 индексни поени. Ова намалување претежно се однесува на намалени побарувања од Земјоделскиот комбинат „Пелагонија“ од Битола, и намалени побарувања од продадени риби, додека во делот на побарувањата за произведена електрична енергија и останати побарувања за извршени услуги има зголемување на побарувањата.

Состојбата на жиро сметката на крајот на ова тромесечие е поволна и изнесува 30.077.737 денари.

Бројот на лица вработени на неопределено време е зголемен за 2,16 индексни поени, заради реализирани нови вработувања.

## ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА 2017 И 2018 И ПЛАНИРАНИ ЗА 2018 ЗА III ТРОМЕСЕЧИЕ

| Конто | Опис | Планирано 2018 | Остварено 2017 | Остварено 2018 | Структурна анализа 2018 | Индекс на оств. / план. за 2018 год. | Индекс на остварено 2018 / 2017 | Образлож. забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | III тромес. | III тромес. | III тромес. | III тромес. | III тромес. | III тромес. | III тромес. |
| | **1.Вкупно приходи** | **54.984.392** | **56.171.599** | **46.277.681** | **100,00%** | **84,17** | **82,39** | |
| 740 | Приходи од продажба на производи и услуги | 54.409.766 | 55.577.877 | 45.486.874 | 98,29% | 83,60 | 81,84 | |
| 743 | Прих.од прод.на матер.рез.дел. и отпадоци | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 745 | Приходи од употреба на сопст.добра и услуги | 98.386 | 100.032 | 126.435 | 0,27% | 128,51 | 126,39 | |
| 747 | Приходи од закуп | 72.720 | 236.205 | 72.720 | 0,16% | 100,00 | 30,79 | |
| 749 | Останати приходи од продажба | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 760 | Добивки од прод.на немат.и мат.средства | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 764 | Вишоци | 4.741 | 14.520 | 100.225 | 0,22% | 2.114,16 | 690,25 | |
| 765 | Приходи од наплатени отпиш.побарувања | 37.749 | 25.245 | 53.007 | 0,11% | 140,42 | 209,97 | |
| 767 | Приходи од премии,субв.дотации и донации | 250.000 | 168.916 | 124.964 | 0,27% | 49,99 | 73,98 | |
| 769 | Останати приходи од работењето | 67.651 | 26.218 | 181.475 | 0,39% | 268,25 | 692,18 | |
| 774 | Приходи од камати од работењето | 43.380 | 22.587 | 131.981 | 0,29% | 304,24 | 584,34 | |
| 775 | Приходи од курсни разлики од работењето | 0 | | | 0,00% | | | |
| 776 | Приходи од вложувања - дивиденди | 0 | | | 0,00% | | | |
| | **2.Вкупно расходи** | **116.493.301** | **114.763.695** | **112.662.605** | **100,00%** | **96,71** | **98,17** | |
| | **2.Вкупно расходи - без амортизација** | **49.170.860** | **46.965.503** | **45.373.452** | | **92,28** | **96,61** | |
| 400 | Трошоци за суровини и материјали за п-во | 213.786 | 290.232 | 406.434 | 0,36% | 190,11 | 140,04 | |
| 401 | Трошоци за материјали за администрација | 87.620 | 131.217 | 93.052 | 0,08% | 106,20 | 70,91 | |
| 402 | Трошоци за енергија за производство | 1.354.101 | 1.290.762 | 1.455.415 | 1,29% | 107,48 | 112,76 | |
| 403 | Трошоци за енергија за администрација | 419.755 | 423.429 | 351.100 | 0,31% | 83,64 | 82,92 | |
| 404 | Трош. за рез. дел. и матер. за одрж. за п-во | 2.345.205 | 2.998.793 | 2.630.078 | 2,33% | 112,15 | 87,70 | |
| 405 | Трош. за рез. дел. и матер. за одрж. за админ. | 43.760 | 51.550 | 24.236 | 0,02% | 55,38 | 47,01 | |
| 407 | Трош. за сит. инв. амбал. и автогуми за п-во | 18.587 | 7.977 | 175.082 | 0,16% | 941,95 | 2.194,84 | |
| 408 | Трош. за сит. инв. амбал. и автогуми за админ. | 5.166 | 2.682 | 12.943 | 0,01% | 250,52 | 482,59 | |
| 410 | Транспортни услуги | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 411 | Поштенски,телефон.и интернет услуги | 475.275 | 384.580 | 415.422 | 0,37% | 87,41 | 108,02 | |
| 412 | Надв.услуги за израб.на добра и изврш.усл. | 1.409 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00 | | |
| 413 | Услуги за одржување и заштита | 719.783 | 461.719 | 417.703 | 0,37% | 58,03 | 90,47 | |
| 414 | Наем - лизинг | 39.656 | 55.992 | 74.800 | 0,07% | 188,62 | 133,59 | |
| 415 | Комунални услуги | 106.677 | 93.228 | 116.212 | 0,10% | 108,94 | 124,65 | |
| 417 | Трош.за реклама,пропаг.пром.саеми | 90.020 | 41.500 | 85.368 | 0,08% | 94,83 | 205,71 | |
| 419 | Останати услуги | 125.843 | 124.285 | 169.640 | 0,15% | 134,80 | 136,49 | |
| 420 | Плата и надоместоци на плата за п-во | 25.980.230 | 22.579.790 | 21.304.081 | 18,91% | 82,00 | 94,35 | |
| 421 | Плата и надоместоци на плата за админ. | 9.163.685 | 8.917.860 | 9.194.739 | 8,16% | 100,34 | 103,10 | |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 557.524 | 70.000 | 3.318.290 | 2,95% | 595,18 | 4.740,41 | |

***Изработил: Ангелевски Љупчо***

| Конто | Опис | Планирано 2018 | Остварено 2017 | Остварено 2018 | Структурна анализа 2018 | Индекс на оств. / план. за 2018 год. | Индекс на остварено 2018 / 2017 | Образлож. забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | III тромес. | III тромес. | III тромес. | III тромес. | III тромес. | III тромес. | III тромес. |
| 430 | Трошоци за амортизација за п-во | 66.952.907 | 67.434.546 | 66.934.703 | 59,41% | 99,97 | 99,26 | |
| 431 | Трошоци за амортизација на биол.средства | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 432 | Трошоци за амортизација за админ. | 369.534 | 363.646 | 354.450 | 0,31% | 95,92 | 97,47 | |
| 440 | Дневници за служб.пат.ноќев.и патни трош. | 87.110 | 50.175 | 63.516 | 0,06% | 72,91 | 126,59 | |
| 441 | Надомест на трошоци на вработени | 332.940 | 80.155 | 256.965 | 0,23% | 77,18 | 320,59 | |
| 442 | Трош.за надом.и др.прим.на чл.на У.О. и Н.О. | 470.175 | 240.582 | 479.993 | 0,43% | 102,09 | 199,51 | |
| 443 | Трошоци за спонзорства и донации | 283.258 | 46.200 | 296.869 | 0,26% | 104,81 | 642,57 | |
| 444 | Трошоци за репрезентација | 33.521 | 24.620 | 175.056 | 0,16% | 522,22 | 711,05 | |
| 445 | Трошоци за осигурување | 1.082.494 | 1.047.683 | 980.437 | 0,87% | 90,57 | 93,58 | |
| 446 | Банкарски услуги и трош.за платен промет | 48.339 | 50.255 | 54.826 | 0,05% | 113,42 | 109,10 | |
| 447 | Дан.кои не зависат од резулт.член.и др. | 335.981 | 97.084 | 476.722 | 0,42% | 141,89 | 491,04 | |
| 448 | Трошоци за користење на права | 12.454 | 30.000 | 26.595 | 0,02% | 213,55 | 88,65 | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 1.202.498 | 1.181.294 | 951.025 | 0,84% | 79,09 | 80,51 | |
| 452 | Вредн.усоглас.на вложувања во недвижности | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 455 | Вредн.усоглас.на краткор.побарувања | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 460 | Загуба од расход.на матер.средства | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 464 | Кусоци, кало, растур, расип.и кршење | 435.600 | 438.466 | 323.713 | 0,29% | 74,31 | 73,83 | |
| 466 | Расход од отпис на побарувања | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | 8.412 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 469 | Останати расходи од работењето | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 474 | Расходи за камати од работење | 490 | 1.547 | 5.286 | 0,00% | 1.078,23 | 341,69 | |
| 4 | | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 4 | | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 700 | Расходи на продадени производи и услуги | 1.975.730 | 4.986.328 | 215.481 | 0,19% | 10,91 | 4,32 | |
| 701 | Набавна вредност на продадени стоки | 1.113.775 | 765.518 | 822.373 | 0,73% | 73,84 | 107,43 | |
| 703 | Набавна вредност на продад. материјали | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| | **3.Финансиски резултат (Добивка/Загуба)** | **-61.508.909** | **-58.592.096** | **-66.384.924** | | | | |
| | **3.Финан.резултат (Доб./Заг.) - без амор.** | **5.813.531** | **9.206.097** | **904.229** | | | | |
| | | | | | | | | |
| | **4.Вкупни неизмирени обврски** | | **25.917.223** | **17.978.982** | **100,00%** | | **69,37** | |
| 4.1 | Обврски кон добавувачи | | 13.473.994 | 7.332.980 | 40,79% | | 54,42 | |
| 4.2 | Обврски за нефактурисани стоки | | 666.284 | 126.148 | 0,70% | | 18,93 | |
| 4.3 | Обврски за данок од добивка | | | | 0,00% | | | |
| 4.4 | Обврски за ДДВ | | 6.315.273 | 5.481.032 | 30,49% | | 86,79 | |
| 4.5 | Обврски по судски решенија | | | | 0,00% | | | |
| 4.6 | Обврски за надомест за користење на вода | | 135.126 | 36.144 | 0,20% | | 26,75 | |
| 4.7 | Обврски кон вработени | | 5.326.546 | 5.002.678 | 27,83% | | 93,92 | |

***Изработил: Ангелевски Љупчо***

| Конто | Опис | Планирано 2018 | Остварено 2017 | Остварено 2018 | Структурна анализа 2018 | Индекс на оств. / план. за 2018 год. | Индекс на остварено 2018 / 2017 | Образлож. забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | III тромес. | III тромес. | III тромес. | III тромес. | III тромес. | III тромес. | III тромес. |
| | **5.Вкупни ненаплатени побарувања** | | **85.522.477** | **55.126.381** | **100,00%** | | **64,46** | |
| 5.1 | Побарувања од продадени риби | | 4.902.051 | 3.401.695 | 6,17% | | 69,39 | |
| 5.2 | Побарувања од угостителски услуги | | | | 0,00% | | | |
| 5.3 | Побарувања од ел.енергија | | 1.167.308 | 2.361.613 | 4,28% | | 202,31 | |
| 5.4 | Побарувања од вода | | 79.117.764 | 48.691.037 | 88,33% | | 61,54 | |
| 5.5 | Други побарувања - извршени услуги | | 335.354 | 672.036 | 1,22% | | 200,40 | |
| | **6.состојба на жиро сметки** | | **1.097.699** | **30.077.737** | **54,56%** | | **2.740,07** | |
| | **7.Вкупен број на лица** | | **245** | **246** | **100,00%** | | **100,41** | |
| 7.1 | Број на лица вработени на неопред.време | | 231 | 236 | 95,93% | | 102,16 | |
| 7.2 | Број на лица ангажирани со договор за дело | | 14 | 10 | 4,07% | | 71,43 | |
| | **8.Износ на просечно исплатена нето плата** | | **30.825** | **27.705** | | | **89,88** | |

***Изработил: Ангелевски Љупчо***

**ТАБЕЛА НА АНАЛИТИЧКИ КОНТА КОИ СЕ СОДРЖАНИ ВО СИНТЕТИЧКИТЕ КОНТА 419 ( ОСТАНАТИ УСЛУГИ ), 422 ( ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ ) И 449 ( ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО ) ЗА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО ТРЕТО ТРОМЕСЕЧИЕ ВО 2108 ГОДИНА**

| Конто | Опис | | | Остварено 2017 | Остварено 2018 | Индекс на остварено 2018 / 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 419 | Останати услуги | 4190 | Шпедитерски услуги | | | |
| 419 | Останати услуги | 4191 | Геодетски услуги | | | |
| 419 | Останати услуги | 4192 | Регистрација на патн.и тов.возила | 64.191,0 | 42.906,0 | 66,84 |
| 419 | Останати услуги | 4193 | Услуги за користење на автопостојки | 3.036,0 | 3.036,0 | 100,00 |
| 419 | Останати услуги | 4194 | Усл.за контр.на квалитет-атест.добра | 15.860,0 | | |
| 419 | Останати услуги | 4196 | Огласи и соопштенија | 32.470,0 | 93.171,0 | 286,94 |
| 419 | Останати услуги | 4197 | Надомест за користење потисен цевковод | | 23.325,0 | |
| 419 | Останати услуги | 41997 | Други услуги | 8.728,0 | 7.202,0 | 82,52 |
| 419 | Останати услуги | | | | | |
| 419 | Останати услуги | | | | | |
| **419** | **Вкупно** | | | **124.285,0** | **169.640,0** | **136,49** |
| | | | | | | |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 4220 | Отпремнина при пензионирање | | 96.290,0 | |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 4221 | Испратнина | | | |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 4222 | Јубилејни награди | | | |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 4223 | Помош за смрт на работник | 15.000,0 | 30.000,0 | 200,00 |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 4224 | Регрес за годишен одмор К-15 | | 3.192.000,0 | |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 4229 | Останати трошоци на вработени | 55.000,0 | | |
| 422 | Останати трошоци за вработените | | | | | |
| 422 | Останати трошоци за вработените | | | | | |
| **422** | **Вкупно** | | | **70.000,0** | **3.318.290,0** | **4.740,41** |
| | | | | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44900 | Интелектуални услуги | 76.100,0 | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44901 | Трошоци по договор за дело | 906.024,0 | 479.894,0 | 52,97 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44902 | Консултански услуги | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44903 | Трош.за ревизија на финан.извештаи | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44904 | Трошоци за вештачење | 29.180,0 | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44905 | Адвокатски услуги | 140.400,0 | 112.257,0 | 79,96 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44906 | Нотарски услуги | 2.200,0 | 19.814,0 | 900,64 |

| Конто | Опис | | | Остварено 2017 | Остварено 2018 | Индекс на остварено 2018 / 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44907 | Трошоци на извршители | -6.038,0 | 17.231,0 | -285,38 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44908 | Трошоци по судски решенија | 276,0 | 71.520,0 | 25.913,04 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44909 | Трошоци за проценка на капиталот | | 12.000,0 | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4491 | Трошоци за контрола на квалитет | 440,0 | 330,0 | 75,00 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4492 | Весници и списанија | 13.575,0 | 10.629,0 | 78,30 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4493 | Стручна литература | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4494 | Трошоци за лиценци и сертификати | 20.264,0 | 2.000,0 | 9,87 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4495 | Трошоци за ИСО стандард | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4496 | Трошоци за порибување | | 225.350,0 | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4497 | Трошоци за медијација | -1.111,0 | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4498 | Трошоци за волонтерска работа | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44990 | Останати трошоци во работењето | -16,0 | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44991 | Останати трошоци - влезници | | | |
| **449** | **Вкупно** | | | **1.181.294,0** | **951.025,0** | **80,51** |

СТОПАНСКА БАНКА А.Д. БИТОЛА

Битола Централа

(организациона единица на Банката)

# ИЗВОД 183

## ЗА ПРОМЕНИ НА СОСТОЈБАТА НА СРЕДСТВАТА НА СМЕТКАТА НА ДЕН

**Фах 000070**

**28.09.2018** ГОДИНА

**ЈП СТРЕЖЕВО Битола**

(назив на имател на сметката)

Тел. 207-816,207-

Факс. 201-833

Битола **500-0000000172-93**

(број на сметката)

даночен број 4002978113467

| претходна состојба | дневен промет | | нова состојба | број на налози | |
|---|---|---|---|---|---|
| | долгува | побарува | | задолжување | одобрување |
| **2,318,462.00** | **22,915.00** | **1,000.00** | **2,296,547.00** | 7 | 1 |

## ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДОБРУВАЊЕ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ

Примивме во корист / на товар на сметката

| Р.бр на нал. | Назив и седиште на примачот - налогодавачот / број на сметката | Депонент на (назив и седиште на банката) | ИЗНОС задолжува | ИЗНОС одобрува | Шифра | цел на дознаката | Повикување на број (задолжување) / Повикување на број (одобрување) | Податоци за рекламација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ИРФАН ЗЕЈНЕЛОВСКИ<br>290-5000110264-04 | ТТК БАНКА АД Скопје | **2,000.00** | **0.00** | 100 | 9109702709181200016874 | 27092018-27092018 | 8743109 430101 |
| 2 | Трезор на РМ<br>100-0000000630-95 | Народна Банка на Република Македонија | **222.00** | **0.00** | 100 | 9109702709181200016874 | 27.09.2018-27.09.2018<br>84010301403 71111500 | 8743109 430111 |
| 3 | ПОПСОФТ ДООЕЛ Битола Битола<br>500-0000003672-69 | Стопанска Банка АД Битола | **10,030.00** | **0.00** | 220 | Плаќање по основ на извршени услуги помеѓу правни субјекти, освен по о | 116/18 | 8743109 430201 |
| 4 | ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ ЕУРОТЕСТ Битола ДОО БИТОЛА<br>500-0000006588-51 | Стопанска Банка АД Битола | **7,470.00** | **0.00** | 220 | Плаќање по основ на извршени услуги помеѓу правни субјекти, освен по о | 406/18 | 8743109 430211 |
| 5 | КЈП НИСКОГРАДБА Битола Битола<br>500-0000000165-17 | Стопанска Банка АД Битола | **1,243.00** | **0.00** | 220 | Плаќање по основ на извршени услуги помеѓу правни субјекти, освен по о | 83558-83559 | 8743109 430221 |
| 6 | Стопанска Банка а.д. Битола -провизија<br>500-0000000011-91 | Стопанска Банка АД Битола | **150.00** | **0.00** | 666 | [AutoProv]Надоместок за ДДВ 9/2018 | 500000000017293 | 8755101 800551 |
| 7 | Стопанска Банка а.д. Битола -провизија<br>500-0000000011-91 | Стопанска Банка АД Битола | **1,800.00** | **0.00** | 666 | [AutoProv]Надоместок за 9/2018 | 500000000017293 | 8755101 831871 |
| 8 | ИЗВРШИТЕЛ ЖАНЕТА ПРИЈЕВИЌ БИТОЛА БИТОЛА<br>530-0409006512-85 | Охридска Банка АД Скопје | **0.00** | **1,000.00** | 290 | Плаќање по судски решенија и други извршни налози | Александар Пројковски 577/11 | 8753325 927472 |

ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД Скопје

**БИТОЛА**

(организациона единица на Банката)

**ИЗВОД 31**

ЗА ПРОМЕНИ НА СОСТОЈБАТА НА СРЕДСТВАТА НА СМЕТКАТА
НА ДЕН **28.09.2018**

Валута: **MKD**

**ЈП СТРЕЖЕВО**

(назив на сметката)

Тел: 047207833

Факс. 047207819

БИТОЛА 7000 БУЛЕВАР 1 МАЈ ББ

**320 1000024678 75**

(број на сметката)

Даночен број: 4002978113467

| Предходна состојба од 07.09.2018 | Дневен промет | | Нова состојба | Број налози | |
|---|---|---|---|---|---|
| | долгува | побарува | | задолжување | одобрување |
| **731,225.00** | **400.00** | **28.00** | **730,853.00** | 1 | 1 |

**ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДОБРУВАЊЕ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ**

Примивме во корист - на товар на сметката

| Р.бр. на нал. | Назив и седиште на примачот- налогодавачот / Број на сметката | Депонент на (назив и седиште на банката) | ИЗНОС Задолжува | ИЗНОС Одобрува | Шифра | цел на дознаката | Повикување на број (задолжување) Повикување на број (одобрување) | Податоци за рекламација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД Скопје 320000000005050 | Централна кооперативна банка АД Скопје | **400.00** | **0.00** | 930 | Наплата на достасана провизија по клиентска сметка MK07 3201 0000 2467 875 | | БЗ-2918001423 |
| 2 | ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД Скопје 320000000005050 | Централна кооперативна банка АД Скопје | **0.00** | **28.00** | 930 | Камата за Трансакциска с-ка во MKD на ЈП СТРЕЖЕВО: 27.09.2018 | | БЦ-2646900592 |
| Вкупно за сметката: **320 1000024678 75**<br>Налози: **2**<br>Провизии: **0.00** | | Вкупно | **400.00** | **28.00** | | | | |

# ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД

## ИЗВОД БР. 189

За промените и состојбата на средствата на сметката на ден **29.09.2018** година

Назив на сметка: **СТРЕЖЕВО БИТОЛА**
Сметка: **250-0110004957-95**
Даночен/матичен број : **4002978113467**

| Стара состојба | дневен промет | | | | Нова состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| | одливи | | приливи | | |
| 27.050.697,00 | 1 | 360,00 | 0 | 0,00 | 27.050.337,00 |

## ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДОБРУВАЊЕ-ЗАДОЛЖУВАЊЕ

| Р.бр. | Назив на примач - налогодавач / Сметка | Банка | Даночен број | Износ одлив | Износ прилив | Шиф | Цел на дознака | Повикување | Рекламација | Провизија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 1 | ШПАРКАСЕ БАНКА - ЗА КАМАТА И ПРОВИЗИЈА ОД<br>250-0000033333-22 | ШПАРКАСЕ БАНКА<br>100000000025071 | 4030993261735 | 360,00 | 0.00 | 666 | 30.09.2018 - Плаќање провизија на банки за услуги во платен промет | 30.09.2018<br>1603010000-5562538 | | 0.00 |

**Вкупно :**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Стара состојба во денари | | 27.050.697,00 |
| 2. Дневен промет во денари | 360,00 | 0,00 |
| 3. Нова состојба во денари | | 27.050.337,00 |
| 4. Одобрено дозволено пречекорување | | 0.00 |
| 5. Искористено дозволено пречекорување | | 0.00 |
| 6. Неискористено дозволено пречекорување (4-5) | | 0.00 |
| Вкупно расположливо салдо (3+6) | | 27.050.337,00 |
| **Износ на необработени налози** | | |

**Почитувани,**

Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје посветува големо внимание со цел да овозможи брза, навремена и точна достава на девизните изводи и пропратната документација за правни лица.

Во насока на остварување на посочената цел, Банката Ве известува дека нуди опција девизните изводи и пропратната документација да Ви ги доставува преку електронска пошта на Вашата е-маил адреса.

Ве замолуваме да ја посетите најблиската експозитура со цел пополнување на Образец за контакт информации за достава на девизни изводи или истиот образец потпишан од законскиот застапник на правното лице да се достави преку електронска пошта до вработени на Банката, со кои најчесто комуницирате.

За сите дополнителни информации, Ве молиме да се обратите до најблиската експозитура.

Со почит,

Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје